Од прелиминарните информации и констатирани ризици, обезбедената и анализираната документација, можно е да се постават повеќе суштински цели како предмет за ревизија на успешност од кои произлезе следната генерална цел:

**„Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија"**

Од утврдените ризици со прелиминарните истражувања, се фокусиравме на следните области:

- Правна рамка и стратешки документи– законски и подзаконски акти кои поблиску ја уредуваат дејноста одмор и рекреација на деца;

- Институционална поставеност со осврт на: соработката меѓу институциите опфатени со оваа дејност (писмена комуникација, склучени договори и сл.), стручен и инспекциски надзор, како и кадровската екипираност на организационите единици при МТСП значајни за реализација на дејноста;

- Состојбата на градежните објекти кои се користат како сместувачки капацитети за одмор и рекреација на деца, нивната опременост, преземените мерки за заштита на имотот, воспоставената сметководствена евиденција на објектите, како и искористеноста на капацитетите на детските одморалишта и

- Извори за финансирање на активностите за одмор и рекреација на децата, начинот на финансирање и распределба на средствата по корисници.

**Ревизорски наоди**

**1. Правна рамка и стратешки документи**

1.1. Децата имаат потреба од посебна заштита и грижа, со оглед на нивната физичка и ментална незрелост. Преку воспоставената заштита и грижа на децата, возрасните, општествата и државите го покажуваат своето вистинско постапување, бидејќи „човештвото му должи на детето најдобро што може да му пружи".[6]

[6] Декларација на ОН за правата на детето

Потребата за посебна заштита била утврдена во Женевската декларација за правата на детето од 1924 година, Декларацијата за правата на детето усвоена од Обединетите нации во ноември 1959 година и Конвенцијата за правата на детето усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации на 20 ноември 1989 година, која стапила во сила на 2 септември 1990 година. Конвенцијата за правата на детето е најчесто ратификуваниот документ за човекови права во целиот свет. Во 1992 година и Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, а со тоа се обврза за спроведување на нејзините одредби и постојано подобрување на состојбите во оваа област. Едно од правата на децата определени во член 31 од Конвенцијата се однесува на правото за одмор и слободно време, игра и рекреација која и одговара на возраста на детето.

Во Република Македонија, заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата се остварува согласно одредбите од Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со Годишна програма која согласно одредбите од Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Македонија и истата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата е во согласност со утврдените програми со Буџетот на Република Македонија. Во остварувањето на заштитата на децата, влијаат и одредени развојни документи на Владата на Република Македонија, и тоа: Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011 - 2015 година, Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 - 2015 година и Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија која се носи секоја година.

Со извршената анализа на горе наведените документи, вклучувајќи ги и Програмите за развој на дејноста за заштита на децата за 2012, 2013 и 2014 година, донесени од страна на Владата на Република Македонија, како и Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика за 2014 – 2016, ревизијата констатира дека одморот и рекреацијата на децата, како и објектите за одмор и рекреација на децата - детските одморалишта, не се спомнуваат како основни задачи во програмите. Во Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2012 година одморот и рекреацијата на децата е опфатен како дефиниција и воопштена рамка.

Во Програмите за развој на дејноста за заштита на децата од 2013 и 2014 година е претставен нов пакет на економско – социјални мерки, кој се однесува на реализација на програма за седум дневен одмор на деца од

семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток. Во делот „Финансирање на заштита на децата" наведени се средствата од каде ќе се финансира Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за секоја година соодветно, при што за одмор и рекреација на децата обезбедени се средства само за реализација на наведениот нов пакет на економско – социјални мерки. Во програмите, каде се наведуваат установите за деца пред се опфатени се детските градинки и центрите за ран детски развој, при што детските одморалишта воопшто не се спомнати, односно не се планирани финансиски средства.

Иако, одредбите од Законот за заштита на децата претставуваат добра правна рамка за воспоставување на грижа и заштита на децата, сепак ревизијата констатира дека објектите на детските одморалишта во стратешките документи и програмите се недоволно опфатени.

1.2. Од извршените интервјуа со лицата кои беа опфатени со ревизијата, добиените одговори од надлежните вработени во МТСП на прашалникот изготвен од страна на ревизорите и од спроведените интернет истражувањата, ревизијата утврди:

- Надлежните лица во МТСП не презеле мерки за утврдување на мрежата на установи за деца – детски одморалишта основани од Владата на Република Македонија, општините, градот Скопје и приватни установи, поради што не доставиле предлог до Владата на Република Македонија за утврдување и воспоставување на оваа мрежа, што не е во согласност со член 20 од Законот за заштита на децата;
- МТСП нема воспоставено Централен регистар на установи за одмор и рекреација на деца, како единствена база на податоци за овие установи, како што е пропишано во член 193 од Законот за заштита на децата;
- Се до февруари 2014 година министерот немал пропишано стандарди и нормативи за вршење на дејноста на установите за деца – детски одморалишта. Пропишаните стандарди и нормативи се однесувале само за детските градинки. Во 2014 година донесен е Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца. Во поглед на детските одморалишта одредбите од Правилникот ги поставуваат минималните техничките прописи и стандарди за градба на објекти, санитарните услови и нормативи за исхрана во детско одморалиште.

Отсуството на мрежа на детски одморалишта на територија на Република Македонија, како и невоспоставениот Централен регистар на

установи за одмор и рекреација на деца од страна на МТСП, не овозможува да се добие целосна слика за бројот и локацијата на објектите на детските одморалишта во Република Македонија.

## 2. Објекти за одмор и рекреација на деца, финансиски средства и човечки ресурси

### Објекти за одмор и рекреација на деца

2.1. Врз основа на спроведените интервјуа и одговорените прашалници од страна на надлежните лицата кои ги користат објектите („Чичино Село“, „Илинден“, „Пелистер“, „Мајски Цвет“, „Плачковички одреди“ и „Пониква“) и извршениот увид во објектите („Чичино Село“, „Илинден“, „Пелистер“„Мајски Цвет“, „Вишни“, „Страхил Андасаров“, „Горно Водно“, „11 Октомври“, „Николиќ“, „Малешево“ и „Плачковички одреди“) констатирано е дека само два објекта „Пелистер“ и „Мајски Цвет“ се уште ја вршат дејноста одмор и рекреација за деца, додека останатите се одобрени за користење за друга намена или се запуштени, руинирани и не се во употребна состојба. Изградени во втората половина од минатиот век, детските одморалишта биле сместени на најубавите места во Република Македонија. Планинските одморалишта, вообичаено се изградени на надморска височина од 900 до 1.200 метри, во природа која плени со својата убавина, со прекрасен поглед и во близина на падини кои нудат услови за скијање. За нив се вели дека претставуваат „воздушни бањи“ кои на децата, посебно оние кои имаат проблеми со дишните патишта им нудат услови не само за рекреација туку и за лекување. Останатите детски одморалишта се градени покрај езеро или на простор кој обилува со зеленило.

Од извршениот увид во единаесет објекти на сегашни и поранешни детски одморалишта и спроведените анализи ревизијата ја утврди следната состојба:

- Објектот на поранешното ДО „**Чичино село**“ – **Сарај** е лоциран кај




реката Треска од десната страна, помеѓу рекреативниот центар Сарај и рекреативното езеро Треска. Неговиот сместувачки капацитет е од павиљонски тип со околу 160 легла. До 2007 година со објектот располагала ЈУ за деца – детско одморалиште „Младост“ – Скопје[7]. Во 2011 година детско одморалиште е пренаменето во прифатен центар за бездомни лица, како организациона единица на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. Денес со објектот раководи лице - волонтер, а во него се сместени 53 бездомни лица (12 семејства и самци) од кои 21 се малолетни лица. Одлуката овие лица




да бидат на овој начин згрижени е согласно Заклучок на Владата на Република Македонија. Ревизијата дојде до сознанија дека во овој објект дејноста одмор и рекреација не се одвива од 1991 година. Во изминатите години во објектот извршено е едно реновирање и тоа во 2008/2009 година, но во сегашни услови бараките се руинирани и не овозможуваат услови за сместување. Постапката за легализација е запрена поради што дел од објектите зафаќаат парцели кои се во сопственост на физички лица.

- Објектот на ДО „**Страхил Андасаров**“ – **Љубанци** е лоциран на падините на планината Скопска Црна Гора. Претставува повеќе катен објект, со сместувачки капацитет од 168 легла и истиот до 2007 година бил во состав на ЈУ за деца – детско одморалиште „Младост“ – Скопје. Објектот е изграден на земјиште кое е во сопственост на МПЦ Манастир Св. Никола. Со извршениот увид во објектот ревизијата констатира дека истиот е во многу лоша состојба, инвентарот и внатрешните елементи се целосно уништени, а истиот е во надлежност на МТСП.

[7] Во рамките на Јавната установа за деца – детско одморалиште „Младост“ - Скопје биле вклучени објектите „Страхил Андасаров“ – Љубанци, „Шула Мина“ – Крушево, „Мите Богоевски“ – Претор, „Горно Водно“ – Водно, „Чичино Село“ – Сарај и барака Заеднички служби.










- Објектот на ДО **„Горно Водно“ – Скопје** се наоѓа на падините на планината Водно на околу 900 метри надморска височина. Се состои од стар и нов објект. Стариот објект се користел за еднодневни научни екскурзии и излети, како и различни спортско рекреативни активности.







Изградбата на новиот објект е прекината во 1982 година и истиот претставува карабина. И двата објекта не овозможуваат сместување и повеќедневен престој на деца и младинци. Со одлуки донесени во септември 2014 од страна на Владата на Република Македонија објектите од МТСП се преотстапени на трајно користење на град Скопје.

- Јавна Установа детско одморалиште **„Илинден“ Гостивар** е единственото детско одморалиште основано од Владата на Република Македонија. Сместено е на 1200 метри надморска височина во рамките на Националниот парк Маврово, а се состои од објектите детско одморалиште **„Бунец“ – Маврово** и детско одморалиште **„Седек Костовски“ – Маврови Анови (Интернат)**.

Со објектот управува управен одбор, а раководи директор кој е назначен од министерот за труд и социјална политика. Според сместувачкиот капацитет претставува најголемо детско одморалиште во Република Македонија.

Детското одморалиште „Бунец“ – Маврово во својата близина има две уредени патеки за нордиско скијање (во должина од 2,5 km и 4,5 km) и







четири ски лифта за алпско скијање, од кои два се функционални. Со







извршениот увид во просториите, констатирано е дека опремата и инвентарот се застарени, но дел од нив сеуште се функционални. Самиот објект има своја котлара за парно греење, две трафостаници, сопствена водоводна мрежа, пумпна станица и пречистителна станица.

Финансиските средства одобрени од страна на МТСП се минимални и истите служат главно за подмирување на трошоците за комуналии и ситни поправки. Во последните години не се извршени поголеми реновирања кои би ги подобриле условите и сместувачкиот капацитет

на објектот. И покрај тоа, одморалиштето во 2012 година го посетиле 212 деца и младинци, додека во 2013 година нивниот број е 407 деца. Посетите се организирани согласно: Програмата на Владата на Република Македонија за зимување на деца од социјално загрозените семејства, деца без родители и деца со посебни потреби, традиционалната изградба на „Снежен Град“ во покровителство на општина Карпош, како и еднодневни и повеќедневни екскурзии за деца со посебни потреби.

Согласно заклучокот донесен од страна на Владата на Република Македонија од 1996 година, два ката од поранешното детско одморалиште „Седек Костовски“ во Маврови Анови се привремено отстапени на основно училиште и истите се користат како ученички интернат во кои се сместени деца од околните села на возраст од 7 од 14 години. Во моментот на увид во просториите на интернатот престојуваа дваесетина ученици. Објектот располага и со уште еден кат, во кој е сместено семејство со малолетни деца, кои не поседувале соодветни услови за живот во сопствената куќа. Семејството во објектот е сместено на крајот на 2011 година и нивниот престој требал да биде од времен карактер (неколку месеци од зимскиот период). Согласно укажувањата од одговорните лица, членовите на семејството не се однесуваат домаќински со отстапениот објект, при што од нивна страна руинирани се не само собите кои им биле отстапени на користење туку целиот кат заедно со опремата. Надлежните лица од ЈУ детско одморалиште „Илинден“ Гостивар последните години во неколку наврати барале преземање мерки за иселување на семејството со цел заштита на децата и инвентарот и нивно згрижување на друго место, но состојбата останала непроменета.





- Објектот на ДО **„Пелистер“ Битола** е составен дел од Националниот парк „Пелистер“. Како национален парк е прогласен во 1948 година како прво заштитено природно добро во Република Македонија. Со објектот стопанисува приватно правно лице. Во извршувањето на дејноста одмор и рекреација на деца ова е втор по големина капацитет кој се користи. Располага со околу 300 легла, а условите за сместување се скромни, но функционални. Собите се опремени со 4 до 5 легла. До самото одморалиште има два ски лифта, кои работат и се наменети исклучиво за децата сместени во објектот.



Поголеми инвестициони вложувања во последните години не се направени и најчесто се исплаќаат средства за помали поправки и одржување. Покрај главниот сместувачки капацитет има уште два објекта кои се руинирани и не се во функција.



Во последните три години одморалиштето го посетиле 9.327 деца. Престојот на децата е организиран како еднодневни и повеќе дневни екскурзии, настава во природа, викенд посети на деца од Битола и согласно програмските активности на Владата на Република Македонија за зимување на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

Во октомври 2014 година објектот на детското одморалиште е објавен за продажба.

- Објектот на детското одморалиште **„Мајски Цвет“ Струга** е сместен покрај брегот на Охридското Езеро. Со објектот стопанисува приватно правно лице. Во 2009 година од страна на Владата на Република Македонија донесена е одлука за трајно преотстапување на објектот од МТСП на Министерство за образование и наука. Дел од објектот на детското одморалиште се користи за потребите на дисперзираните студии, поради што




сместувачкиот капацитет на објектот се намалил и се сведува на околу 250 легла. Овој објект е најпосетуван и најискористен бидејќи




во последните три години понудил сместување на вкупно 11.282 посетители. Престојот на децата е организиран како екскурзии, настава во природа, турнири и согласно програмските активности на Владата на Република Македонија за летување на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток. Опремата во објектот е стара, електричната инсталација и водоводната мрежа се дотрајани и потребно е нивно реновирање.

- Објектот на детското одморалиште **„Вишни“ во с. Вишни Струга** е сместено на 1.200 метри надморска височина и е на само 8 километри







од Охридското езеро, што како локација претставува вистинска реткост. Одморалиштето се состои од два објекта со капацитет од околу 50 легла и истиот е руиниран, запуштен и не е функционален.

Покрај самото одморалиште постои ски лифт кој не е во функција. Кровот е урнат, што дополнително придонесува објектот да пропаѓа под дејство на климатските промени. Објектот воопшто не е заведен во евиденцијата на МТСП.

- Објектот на поранешното детско одморалиште **„Поникваˮ** во Кочани во јануари 2008 година со одлука донесена од Владата на Република Македонија е дадено на трајно користење на Министерството за внатрешни работи. Од страна на одговорните лица во министерството добиена е информација дека објектот е реновиран и е во добра состојба. Одморалиштето е од отворен тип и освен за потребите на вработените во министерството може да се користи за одмор и рекреација од сите граѓани, поради што за време на училишниот распуст во него престојувале и деца. Нивниот престој бил организиран преку туристички агенции. Во последните три години објектот го посетиле 974 деца.

- Објектот на поранешното детско одморалиште **„Плачковички одредиˮ** се наоѓа на 1.350 m надморска височина и од градот Штип е оддалечено 36 km. Во ноември 2007 година со одлука донесена од Владата на Република Македонија објектот е даден на трајно користење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од 2007 година објектот е два пати реновиран, при што за време на вршење на ревизијата истиот внатрешно се уредува за потребите на универзитетот. Намерата на универзитетот е објектот да се користи како Конгресен центар и центар за доживотно учење и подобрување на вештините. Располага со 46 апартмани, сали за состаноци, обуки и ресторан, а во тек е изградба на амфитеатар.






- ДО **„11 Октомври“** во Дојран се наоѓа покрај самиот брег на Дојранското Езеро. Располага со два реда камп приколки кои се стари, запуштени и обраснати со растенија. Во кругот на одморалиштето постојат два објекта од цврста градба, но истите се уништени и неупотребливи. Согласно одлука на Влада на Република Македонија од јули 2014 година е пренесен во сопственост на општина Дојран.



- ДО **„Николиќ“** во Дојран е составено од неколку објекти, распоредени покрај брегот на Дојранското Езеро, кои зафаќаат површина од 6.089 м$^2$. Природните убавини, медитеранската клима, топлата и лековита





вода, ја прават оваа локација атрактивна и идеална за постоење на одморалиште за деца. Одморалиштето некогаш претставувало вистинска „убавица“, а денес времето и несоодветната грижа оставиле длабоки траги.

Во октомври 2014 година објектот на некогашното детско одморалиште е објавено за продажба од страна на МТСП.

- Објектот на детско одморалиште **„Малешево“** е лоциран во пазувите на прекрасната борова шума, на самиот брег на Беровско Езеро, во





  близина на туристичкиот локалитет наречен “Браната“. Се наоѓа на 5 km од градот Берово на надморска височина од околу 1000 m надморска височина. Сместено во пазувите на столетните борови, букови и дабови дрвја, благодарение на природните климатски услови, ова еколошки чисто подрачје претставува вистинска “воздушна бања“. Објектот на детското одморалиште во октомври 2014 година е објавен за продажба од страна на МТСП.

Наведените состојби упатуваат на заклучок дека во изминатиот период, објектите за одмор и рекреација на децата – детските одморалишта останале напуштени и заборавени. Некои од нив се целосно запуштени, ограбени, без никаква можност за вршење на дејноста за која првично биле создадени. Постои објект кој никогаш не бил дограден и не послужил за одмор и рекреација на деца. Дел од објектите се одобрени за користење за друга намена, а оние кои се уште служат за вршење на дејноста одмор и рекреација на деца ги исполнуваат минималните услови за престој, хигиена, одмор и рекреација. Доколку понатаму, се настојува да се користат објектите за вршење на дејноста одмор и рекреација на деца, неопходни се нивни реновирања.

2.2. Во периодот до 2006 година Република Македонија располагала со пет детски одморалишта организирани како јавни установи во состав на МТСП и тоа:„Младост“ - Скопје, „Илинден“ - Гостивар, „Пелистер“ – Битола, „Малешево“ – Берово и „Мајски Цвет“ – Струга. Со заклучок на 99-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 09.05.2006 година се задолжило МТСП да спроведе постапка и да ги издаде под закуп на вработените детските одморалишта, со исклучок на „Илинден“ – Гостивар. Постапувајќи согласно одредбите од Законот за

установи (од член 108 до член 112), јавните установи за одмор и рекреација на деца на 14.06.2006 година склучиле договор за закуп со МТСП. Согласно одредбите од склучениот договор, детското одморалиште се издава под закуп за период од 20 години на вработените на тогашните јавни установи за одмор и рекреација, со обврска да формираат приватни установи. За таа цел, утврдено било закупнината да изнесува 1 евро од метар квадратен и грејс период од 1 година. Бидејќи закупнината или трошоците за комуналии од страна на приватните установи не се плаќале навремено, Владата на Република Македонија на 58-мата седница одржана на 29.05.2007 година донела заклучок склучените договори за закуп да се раскинат. Врз основа на овој заклучок, во септември 2007 година, надлежните вработени во МТСП до приватните установи доставиле известувања за раскинување на договорите. Поради тоа, приватните установи поведуваат судски постапки – тужбени барања за извршено нарушување на владение од страна на МТСП, кои согласно пресудите од соодветните основни судови биле одбиени како неосновани. Истите пресуди биле потврдени и од страна на Апелационите судови. Иако судските постапки биле завршени и пресудите правосилни, сепак приватните установи продолжиле да стопанисуваат со објектите на детските одморалишта.

Од спроведените разговори со лицата кои раководат со детските одморалишта, ревизијата доби информација дека, кога сметките на приватните установи кои ги користеле објектите „Пелистер“ – Битола и „Мајски Цвет“ – Струга биле блокирани по различни основи, раководните лица, дејноста продолжиле да ја вршат со формирање на нови трговски друштва. Тоа било причина, во ноември 2010 година МТСП да склучи договор за закуп со новоформираниот правен субјект од приватната установа „Пелистер“ – Битола. Ваквиот начин на издавање на објект под закуп, без при тоа да се спроведе постапка за јавно наддавање, не е во согласност со одредбите на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и член 18 од Законот за заштита на децата. Согласно одредбите од склучениот договор трговското друштво презело обврска да го одржува во функција објектот и инсталациите до неговата продажба, при што за користење на објектот не плаќал закупнина. Со трговското друштво кое го користи објектот „Мајски Цвет“ – Струга, МТСП не склучило договор и истото со одлука на Владата на Република Македонија е преотстапено на трајно користење на Министерството за образование и наука.

Наведените состојби укажуваат на тоа дека во двата случаи и покрај тоа што постојат одредени отстапувања во однос на начинот на вршење на дејноста одмор и рекреација на деца, благодарение на нивната грижа и домаќинско однесување, објектите на детските одморалишта без поголеми реновирања се одржани во функционална состојба. Исто така,

од нивна страна се преземени сите потребни мерки за обезбедување на објектите и тоа во двата објекта постои чуварска служба, додека во објектот „Мајски Цвет“ – Струга постои видео надзор и објектот е осигурен од пожар и кражби.

**Финансиски средства**

2.3. Со извршеното истражување ревизијата констатира дека во периодот од 2012-2014 година не се вложени финансиски средства за реновирање на објектите на детските одморалишта, менување на нивниот капацитет, ниту е набавена нова опрема. Утврдени се следните состојби:

- Министерот не донел акт со кој би ги пропишал поблиските критериуми и начинот на распределба на средствата по корисници (јавни установи за деца основани од Владата), поради што не се донесени решенија/финансиски план за распределба на истите, како што е предвидено со член 183 од Закон за заштита на децата;

- Исплатените финансиски средства од МТСП се наменети исклучиво за објектот на ЈУ детско одморалиште „Илинден “- Гостивар. Овие средства се минимални и имаат тенденција на намалување. Исплатените средства се од програмата 30 од Буџетот на РМ раздел Министерството за труд и социјална политика и истите во 2012 година изнесувале 3.812 илјади денари, во 2013 година 3.451 илјади денари, додека во 2014 година нивниот износ е 3.190 илјади денари. Од спроведената анализа на исплатените средства констатирано е дека најголем дел од финансиските средства се наменети за плати и придонеси од плата како и за плаќање на трошоци за комунални услуги, додека незначителен дел се искористени за други намени. Во продолжение графички е прикажано наменското трошење на средствата во ЈУ детско одморалиште „Илинден“– Гостивар во последните три години.




Графички приказ на наменското трошење на средствата доделени на
ЈУ детско одморалиште „Илинден “- Гостивар

- Во последните три години исплатени се вкупно 25.243 илјади денари парични средства од МТСП на правните лица кои ги користат објектите на детските одморалишта „Илинден “- Гостивар „Пелистер“ – Битола и „Мајски Цвет“- Струга со цел реализирање на владините програмски активности.

Наведената состојба во однос на обезбедените и исплатените финансиски средства укажува дека истите во најголем дел се наменети за сместување на деца согласно програмските активност на МТСП, но не и за подобрување на состојбата на објектите.

**Човечки ресурси**

2.4. Работата од областа одмор и рекреација на деца се извршува во МТСП Секторот за заштита на децата, односно во Одделение за обезбедување на правото за згрижување, воспитание одмор и рекреација на децата. Според актите за систематизација и организација на работните места предвидени се 11 работни места кои во својот опис содржат надлежности и одговорности кои се однесуваат за дејноста одмор и рекреација на деца. Од вкупно предвидените работни места пополнети се 7, додека не се пополнети следните работни места: Советник за одмор и рекреација, Советник за управно надзорни работи во областа на згрижување воспитание, одмор и рекреација на деца и двајца извршители - Помлад соработник за административно - оперативна поддршка и обработка на податоци за развивање на формите и облиците за згрижување и воспитание, одмор и рекреација на децата.

Ревизорите утврдија дека недоволна кадровска екипираност постои во Одделението за инспекциски надзор над остварување на права од правото за заштита на децата и правото за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата. Според актите за систематизација и организација на работните места во ова одделение предвидени се 7 работни места, а пополнето е само едно работно место - раководител на одделение за инспекциски надзор. Од јули 2014 година Одделението престанува да функционира и се формира Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на заштита на децата каде се предвидени 8 работни места, а пополнети се 3 работни места.

Утврдените состојби укажуваат дека постои нецелосна пополнетост на работни места со човечки ресурси чија основна задача е вршење надзор.

## 3. Соработка и координација

3.1. Соработката и координацијата помеѓу инволвираните субјекти одговорни за преземање мерки, политики и активности поврзани со објектите за одмор и рекреација на децата претставува предуслов за квалитетно управување со истите во насока на подобрување на состојбата со објектите на детските одморалишта.

Спроведените истражувања укажаа дека воспоставениот систем на комуникации и информации има одредени слабости и тоа:

- Раководните лица кои ги користат објектите и ја вршат дејноста одмор и рекреација на деца, комуникацијата со Министерството за труд и социјална политика, односно Министерството за образование и наука ја опишаа како недоволна и минимална. Средби со одговорни лица од министерствата речиси и да нема, и најчесто иницијативата за комуникација доаѓа од нивна страна;
- Од страна на раководните лица кои ги користат објектите и ја вршат дејноста одмор и рекреација на деца редовно се врши физички попис на опремата со која истите располагаат, но со одговорните лица кои ја водат сметководствената евиденција во министерствата не се врши усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- Од страна на надлежните вработени во Министерството за труд и социјална политика до Агенцијата за катастар на недвижности на крајот на годината не се доставуваат податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари (објекти -детски одморалишта), како и податоци за промените во внатрешната евиденција поврзана со

објектите, што не е во согласност со одредбите од членовите 83, 88 и 89 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи;
- Од страна на надлежните вработени во Министерството за труд и социјална политика до Министерството за финансии на крајот на годината не се доставуваат податоци за сметководствената вредност на движните ствари во детските одморалишта;
- На ревизијата не и беа презентирани документи (информации, анализи, истражувања и сл.) во кои се наведени образложенија за донесените одлуки за престанок на користење на недвижната ствар (објекти за одмор и рекреација на деца), кои истовремено претставуваат основ за донесување на одлуки за нивна продажба.

Невоспоставената комуникација помеѓу надлежните органи и институциите вклучени во дејноста одмор и рекреација на деца, претставува можен ризик од нивна неинформираност за реалните услови во кои се реализира оваа дејност.

## 4. Надзор

4.1. Согласно Законот за заштита на децата МТСП врши надзор над спроведувањето на неговите одредби. Надзорот може да биде стручен и инспекциски (редовен, вонреден, контролен).

Стручниот надзор се врши над извршувањето на стручната работа во дејноста заштита на децата и со него се утврдува дали истата е заснована на современи, научни и стручни методи и достигнувања и дали се организира на најцелисходен и најефикасен начин. МТСП треба да врши надзор над стручната работа во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот, негата, исхраната во делот одмор и рекреација. Овој надзор треба да се врши најмалку еднаш годишно и по извршениот надзор во рок од 15 дена се изготвува и доставува извештај.

МТСП е надлежно за спроведување инспекцискиот надзор (редовен, вонреден, контролен) над постапувањето и примената на одредбите од Законот за заштита на децата и други прописи кои се однесуваат на заштитата на децата, над установите за деца, како и над други правни и физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца. Во 2012 година МТСП имало обврска да изготви Годишна програма за инспекциски надзор, додека за 2013 и 2014 година Годишна програма за редовен инспекциски надзор. По спроведениот инспекциски надзор, за утврдените состојби и преземени мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности потребно е да се состави записник.

Со извршената ревизија, констатирано е дека во периодот од 2012 до 2014 година овластените лица во МТСП, немаат извршено стручен

надзор и имаат спроведено само еден редовен инспекциски надзор во 2012 година. Ако се има во предвид дека во опфатениот период со ревизијата, три детски одморалишта од испитаните ја извршувале својата дејност и биле посетени од деца, потребата од надзор била неопходна. Исто така, донесените Годишни програми за надзор во 2012, 2013 и 2014 година не содржат планирани активности за надзор во установите за одмор и рекреација. Како основна причина за неспроведениот надзор, одговорните лица во МТСП ја посочуваат недоволната кадровска екипираност.

Отсуството на надзор во оваа област, не е во согласност со повеќето одредби од глава XVII од Законот за заштита на децата и влијае на доследната примена и спроведување на одредбите од Законот за заштита на децата во поглед на извршувањето на дејноста, сместувачките капацитети, кадарот, управувањето и раководењето со установите за деца, водење на евиденција, документација и извештаите од страна на детските одморалишта и сл.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршената ревизија, ги утврдивме состојбите од преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за управувањето со објектите за одмор и рекреација на децата, како еден од условите за вршење на дејноста одмор и рекреација на деца. При тоа констатирано е дека осум детски одморалишта се продадени, шест се објавени за продажба, два објекта се уште ја вршат дејноста одмор и рекреација за деца, додека останатите или се одобрени да се користат за друга намена или се запуштени, руинирани и не се во употребна состојба.

Со извршената ревизија утврдивме дека: потребно е определување на попрецизни насоки во стратешките документи и програми кои се однесуваат на дејноста одмор и рекреација на деца, на ниво на Република Македонија не постои мрежа и централна евиденција (регистар) на објекти за одмор и рекреација на деца, финансиските и човечките ресурси во делот на надзорот се недоволни за управување со објектите, што претставува една од причините за отсуство на надзор во оваа дејност и постои несоодветна институционална комуникација. Наведените состојби влијаат на начинот на управување со објектите за одмор и рекреација на деца и нивна искористеност.

## ПРЕПОРАКИ

Со цел да дадеме свој придонес со ревизијата на успешност од аспект на зголемување на свеста на надлежните институции и јавноста за потребата од постоење на објекти за одмор и рекреација на деца, подобрување на состојбата при креирање, донесување и реализација на мерки, политики и конкретни проекти за управување со објектите ги даваме следните препораки, со чија имплементација веруваме дека утврдените состојби ќе бидат надминати:

1. Надлежните органи во МТСП да преземат мерки и активности кои ќе обезбедат:
   - попрецизно уредување на дејноста одмор и рекреација на децата во стратешките документи и програми;
   - изготвување на предлог мрежа на детски одморалишта на територија на Република Македонија и
   - воспоставување на Централен регистар на установи за одмор и рекреација на деца.

2. Доколку во иднина се настојува да постојат јавни установи за одмор и рекреација на деца, надлежните органи во МТСП да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на доволно финансиски, материјални и човечки ресурси за непречено управување и работење на објектите за одмор и рекреација на деца, преиспитувајќи ја можноста за јавно приватно партнерство.

3. Институциите инволвирани во управувањето со објектите за одмор и рекреација на деца во Република Македонија взаемно да обезбедат предуслови за воспоставување подобра меѓусебна соработка, комуникација и координација.

4. Надлежните органи во МТСП во зависност од потребите да преземат мерки за кадровско зајакнување и поддржување на надзорот во насока на обезбедување на извршување на дејноста одмор и рекреација на децата, подобрување на условите за сместување, управување и раководење со установите за деца и воспоставување на потребна евиденција.